БРАКО е македонска металопреработувачка компанија која е основана во 1947 година и која произведува огромен асортиман на производи. Денес БРАКО е извозно ориентирана компанија со преку 500 вработени, каде над 90% од производите се наменети за извоз и претставува препознатлив бренд за производство на секаков вид жичани производи, тешки метални конструкции (куќишта за хидро турбини, модуларни контејнери итн.), широка палета на медицински мебел и медицински помагала како и препознатливите возила за чистење улици и јавни површини чие производство, склопување и развој се врши во Република Македонија.

---

Брако ДОО Велес има потреба од еден работник на работната позиција

# РЕФЕРЕНТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ

## ШТО НУДИМЕ:

- Можност за работа во современа работна средина,
- Можност за работа во докажана компанија со преку 500 вработени,
- Можност за постојано надградување во кариерата преку учество на секаков вид на саеми, семинари и обуки во земјата и странство
- Можност за соработка со докажани интернационални партнери
- Обезбедена кетеринг исхрана на трошок на компанијата

## РАБОТНИ ЗАДАЧИ:

- Исполнување на барањата на ISO стандардите, преку надоградување и одржување на Интегрираниот Систем за Управување (ИСУ);
- Подготовка на соодветна документација за имплементација на ISO стандардите
- Обезбедување успешна ресертификациска постапка, за продолжување на валидноста на ISO сертификатите
- Контрола на имплементацијата на Интегрираниот систем за Управување во организацијата
- Организација, учество/спроведување на интерни проверки за Интегрираниот систем за Управување
- Активно учество во процесот на справување со рекламации од клиенти и рекламации до добавувачи
- Имплементација на барањата на Интегрираниот Систем за Управување поврзани со работната позиција, барањата на клиентите и пренесување на потребните информации до сите вклучени во процесот

## ПОТРЕБНО ОБРАЗОВАНИЕ И СПОСОБНОСТИ:

- ВСС
- Одлично познавање на англиски јазик
- Одлично познавање на работа со MS Office
- Најмалку 1 година работно искуство во имплементација на ISO стандарди (ISO9001, ISO14001, ISO45001)

## ВЕШТИНИ

- Подготвеност за работа во динамична средина
- Ефективност, ефикасност и одговорност при исполнувањето на обврските
- Посветеност, мотивираност, иницијативност
- Тимска работа и кооперативност

**Доколку сте заинтересирани за кариера во нашата компанија и сте согласни вашите податоци да бидат зачувачи во нашата архива за работните позиции кои ќе бидат отворени во иднина, испратете ја вашата работна биографија на следниот мејл: hr@brako.com.mk.**

**Само кандидатите кои ќе влезат во потесна селекција ќе бидат контактирани.**

**Прашања и повеќе информации на тел. 075 293 691.**